**20261031535**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2026 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.27/26 и 58/26), во членот 2 став (2) во табелата во подмерката 1.2. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ во алинејата 12 зборовите „15 мај 2026 година“ се заменуваат со зборовите „31 мај 2026 година“.

Член 2

Во членот 3 во ставот (5) зборовите „предадени или заклани грла говеда за период од мај 2025 година до април 2026 година“ се заменуваат со зборовите „предадени или заклани грла говеда и гоеници за период од мај 2025 година до април 2026 година“.

Член 3

Во членот 4 во точката 1 зборовите „15 мај 2026 година“ се заменуваат со зборовите „31 јули 2026 година“.

Член 4

Прилогот 3 се заменува со нов Прилог 3, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-4259/10
12 мај 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**Прилог 3**

Табела за минимално употребената количина на семе по хектар

| Вид | Минимална употребена количина на семе во кг./ха/број на семиња |
|---|---|
| Пченица | 200 кг. |
| Јачмен | 200 кг. |
| Пченка | 50.000 семиња или 15 кг/ха |
| Сончоглед | 35.000 семиња или 4,5 кг/ха |
| Маслодајна репка | 500.000 семиња |
| Ориз | 200 кг/ха |
| Тритикале | 200 кг./ха |
| Добиточен грашок | 70 кг. |